ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDC 904:391.7(497.714)"653"(083.824)(049.3)




Катерина РОСИКОПУЛОС
*ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп*
katerina.rosikopulos@isk.edu.mk

# ПРИКАЗ НА ИЗЛОЖБАТА „СРЕДНОВЕКОВЕН НАКИТ ОД ТИКВЕШ“

(17 ноември, 2023 - 31 јануари 2024)

На 17 ноември, 2023 година, во изложбениот простор на Музејот на град Неготино, во форма на прегледна и возбудлива експозиција, беа презентирани археолошки наоди, односно атрактивни примероци на накит од археолошките локалитети на Тиквешката Долина. Изложбата насловена како „Средновековен накит на Тиквеш“ беше организирана од Музеј на град Неготино во соработка со ЈНУ Институтот за старословенска култура-Прилеп, Домот на културата „Мирка Гинова“ од Демир Капија и Археолошкот музеј на РС Македонија. Изложбата финансиски беше поддржана од Министерство за култура на РС Македонија, Општина Неготино и Дуки Дасо Неготино. Автори на изложбата се Костадинка Филипова и Стојанче Ангелов.

Пред јавноста беа презентирани примероци на накит кои се откривани и прибирани во долг вре-



*Сл. 1. Обид за реконструкција на облеката и накитот според цртеж на проф. Елица Манева*

менски период низ бројни археолошки кампањи на Тиквешката Котлина и Демиркаписката Клисура. Изложениот материјал е откриван, прибиран, документиран, конзервиран, чуван и публикуван со заложба на стручниот и научниот кадар од Музејот на Неготино, ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп, катедрата за Историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет-Скопје, Археолошки музеј – Скопје и Музеј на Македонија.

Интересот на научната јавност за културната историја на Тиквешкиот Регион трае повеќе од 160 години, кога споменицитe од минатото за прв пат биле регистрирани од патеписците кои минувале по течението на Вардар. Сепак, првите организирани и научно поставени археолошки ископувања во Тиквешието се случиле дури по во периодот по завршувањето на Втората светска војна, а археолошките кампањи насочени кон истражување на локалитети од различни хронолошки периоди, речиси континуирано, се организираат до денес.

Долгогодишните истражувања на средновековните археолошки локалитети донесуваат многубројни сознанија за верувањата, ритуалите, обичаите на населението, кои можат да се извлечат низ бројните наоди на движен и недвижен материјал. Преку изложбата „Средновековен накит од Тиквеш“ се презентирани наодите на накит, како еден од најзначајните репрезенти на средновековната култура.

Пречелници, ѓердани, приврзоци, прстени, белегзии, наушници и обетки се дел од средновековната збирка на средновековен накит од Тиквеш. Изложениот накит брои околу 150 примероци на накит, тематски организирани според типот на којшто припаѓаат. Од ваквата практика отстапуваат помал дел до примероците, кои биле пронајдени во затворен контекст и кои преку нивното презенирање на схематизирано претставен женски лик имаат за цел да го прикажат начинот на кој биле носени. Со цел да се понудат дополнителни податоци за изложените артефакти тие беа придружени од постери со информативна содржина со кои беа образложени историјатот на археолошките истражувања на археолошки локалитети од средниот век на територијата на општините Неготино и Демир Капија, како и за значењето и посебните типови и форми на накитот. Не помалку значаен сегмент претставуваа и постерите со репродукции на поединечни претстави од средновековните ансамбли на живописот од територијата на Македонија. Изборот на ликовни претстави на светители, мажи и жени од општествениот слој на благородништвото, кои се прикажани со накит кој има за цел да придонесе за нивната порепрезентативна појава, но и да го истакне социјалниот статус, ни овозможува да стекнеме поцелосен увид,

не само за начинот на кој се носел накитот, туку и за значењето кое го имал во средновековниот социјален контекст.

Презентираните експонати потекнуваат од средновековните некрополи: Крстеви, Корешница; Трнче-Стреа, Пепелиште; Анастасица, Тремник; Огради, Корешница; Црквиште, Корешница; Кале-Стрезов Град, Челевец; Бистренци; Гробишта-Сред Село-Пепелиште; Црквиште-Демир Капија; Јака Чешма-Црквар, Тремник; Мали Дол-Тремник; Црквиште-Гробишта, Криволак; Копанец, Корешница, кои датираат во периодот од 10 до 16 век.

Изложените примероци се дел од колекциите на Музејска збирка при Дом на култура „Мирка Гинова“ - Демир Капија, Музејот на Неготино, како и на Археолошкиот музеј на град Скопје.

Особено значаен производ на активностите за подготовка на изложбата е обемниот каталог, кој е насловен „Средновековен накит од Тиквеш“. Публикацијата брои 117 страници и е организирана во следните тематски целини: воведни обраќања, предговор, Тиквеш и Демир Капија, Созерцание на накитот, средновековието и археолошките наоѓалишта од Тиквеш, цитирана литература и каталог на изложените примероци. Воведниот дел во каталогот е проследен со фотографии кои го прикажуваат регионот на Демир Капија, архивски снимки од археолошките ископувања и публикациите кои произлегле како резулат од истражувањата. Автори на текстот за каталогот се Елица Манева и Орданче Петров. Примероците на накит презентиран во каталогот се типологизирани во 4 групи, кои се определени врз основа на местоположбата од телото каде се носат: накит за глава, накит за врат, накит за раце и накитот како дел од облеката. Претставени се 176 примероци во 135 каталошки единици. Во каталогот е направена прегледна поделба на типови на секој накит. Секој од експонатите каталошки е обработен според востановените методолошки принципи за каталошка обработка на наоди од ваков тип и е придружен со квалитетно изработена фото-документација.

Високите музеолошки стандарди и промисленaта методологија, применети при конципирањето на изложбата „Средновековен накит од Тиквеш“ претставуваат пример според кој треба да се обмислуваат и вообличуваат музејските експозиции од овој тип во иднина. Тоа што станува збор за ограничен број на примероци од стриктно определен географски простор им овозможило на авторите на изложбата цврсто да го постават и да го насочат наративот преку кој ќе говорат за еден од најживописните аспекти од животот на среденовековниот човек – желбата како да биде перцепиран од околината и како да ги изрази сопствените вредности, верувања и убедувања. Ваквиата приказна беше успешно пренесена на јавноста, не само преку изложените предмети, туку и со реконстурирање на елементите кои недостасуваат, а за кои науката стекнала сознанија. Како што нагласивме и погоре, од особено значење е публикувањето на каталогот на изложбата, кој, несомнено, ќе претставува значајна референца во натамошните истражувања на накитот и на културното минато на Тиквешкиот Регион.